## Динамика на тестирање за остатоци од пестициди и други анализи

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Цели** | Да се поставaт јасни правила за тестирање на пестициди и други анализи ( за антибиотици, не органски шеќер и други средства за прихрана на пчелни семејства, користење минерални ѓубрива и сл) во органска храната и културите, за да обезбеди еднаков третман за сите оператори и да ја зголеми довербата на корисниците во органските производи. |
| 2 | **Позадина** | Од државните власти, ракувачите, трговците на мало и потрошувачите се очекува сертификационите тела да вршат чести тестирања за присуство на пестициди и други анализи ( за антибиотици, не органски шеќер и други средства за прихрана на пчелни семејства, користење минерални ѓубрива и сл)<br>Од друга страна тоа, може да биде неповолност за односното сертификациско тело, бидејќи предизвикува значајни трошоци. |
| 3 | **Нормативна рамка** | **Законот за органско земјоделско производство на РМ**:<br>Член 49-„*Сите неопходни анализи и суперанализи за утврдување на органското земјоделско производство ги врши стручна научна установа или друго правно лице овластени од страна на министерот.”*<br>И според Правилник за начин и постапка за вршење на стручна контрола-член 3 став 2 **:** (2) Контролното/сертификациско тело зема примероци за анализа во случаи кога има основан сомнеж дека :<br>*а) се употребуваат методи, средства и супстанции кои не се дозволени во органското земјоделско производство;*<br>*б) се применуваат производни техники кои се во спротивност со правилата за органско земјоделско производство согласно Законот и*<br>*в) има загадување од средства и супстанции кои не се дозволени во органското земјоделско производство.* |
| 4 | **Термини, објаснувања, кратеници** | **Пестициди**: сите производи за заштита на растенијата кои не се утврдени со Листата на производи за заштита на растенија (ЗОЗП на РМ)<br>**Други анализи (тешки метали, радиоактивност, присуство на недозволени супстанции, ГМО) согласно позитивната правна регулатива во Република Македонија**<br>**Антибиотици :** сите хемиски супстанции кои можат целосно да ги уништат патогените микроорганизми или да го спречат нивниот раст или размножување, без притоа да предизвикаат позначајни штети на организмите. |
| 5 | **Политика** | |

| | |
|---|---|
| 5.1 | **Општи одредби:**<br>Спротивно на некои медиуми или потрошувачите, ние не сметаме дека тестирањето на пестицидите и други анализи е најзначајната алатка за контрола на органските операции. Сепак, за да се утврди ниво на висок квалитет, ние ќе земаме примероци за тестирање со одредена динамка. Зголеменото ниво на тестирање на ниво на производство ќе ја намали потребата од тестирање на нивото на увозник или преработувач, и така ќе се зголеми конкурентноста на производителите на органските пазари.<br>Тестирање ќе се врши на минимум 5 % од вкупните клиенти на годишно ниво, по случаен избор, или кај клиенти кај кои за време на контролата постои сомнеж, кај кои имаме добиено дојава – жалба или поплака од трета страна за прекршување на правилата на органско производство, или кај т.н ризични култури (земјоделски култури- кои се многу подложни на болести и штетници во период на вегетација или кај кои во конвенционалното производство се корстат многу пестициди во вегетација или при складирање како на пример: домат, пиперка, делумно зелка и групата на зелкови култури, јаболка, цреша, слива, вишна, грозје), како и кај т.н ризични процеси- преработки- каде суровината се набавува од трети места. |
| 5.2 | **Нормална ситуација:**<br>Во сите случаи освен оние споменатите во 5.3, примероци за тестирање на пестициди и други анализи ќе бидат направени само во случај на сомнеж. |
| 5.3 | **Динамика на земањето примероци за посеби култури, според ризикот:**<br>Бројките упатуваат на процентот на полиња или складови (во случај на индивидуални фарми) во држава или регион или , каде примероците треба да се земат во една сезона на одгледување или складирање. Динамиката на земање примероци за анализи од производи со други ризици се земаат од преработувачки капацитети, кланици, млекари, магацини, продажни места, транспортни и дистрибутивни средства, и е во рамките на годишниот процент од 5% од сите сертифицирани клиенти на ПРО-ЦЕРТ или во случај на сомнеж процентот може да е поголем . |

| **Култура** | **Примероци од листови или друг соодветен растителен материјал** | | **Земање примероци од собрани производи или од почва** | |
|---|---|---|---|---|
| | **≥ 5 %** | **5%** | **≥ 5 %** | **5%** |
| **Култур**и со висок ризик – каде во остатоците тешко се детектираат | x | | | |
| Овошје и зеленчук општо (со исклучок на традиционални овоштарници со ниско ниво на вложен труд принос) | | x | | |
| Овошје и зеленчук од области каде е вообичаено интензивно прскање со пестициди | | x | | x |
| Краставици | x | | | x |
| Компири | | x | | |
| Производи од региони со високи ризик од наноси на | | | x | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| пестициди, но низок ризик од примена од страна на оргаснки фармери | | | | |
| Домати, пиперки | x | | | x |
| Производи со други ризици кои треба да се анализираат | Во случај на сомнеж | | | |
| млеко | Во случај на сомнеж ,или ако има сознанија дека во регионот има појава на одредени заболувања, ќе се тестира млеко од молзилиште пред термичка обработка | | | |
| Мед | Во случај на сомнеж за користени амитраз , флувалинат или додавање вештачка прихрана во период на активна пчелна паша | | | |
| восок | Во случај на сомнеж за користени синтетички акарициди. | | | |

**5.4 Прилагодувања:**

Динамиката на земање примероци треба да биде повисока во случај на големи операции со големи количини на производи, во случај на многу вредни производи со многу големи разлики во цената меѓу органската и конвенционалната цена. Општо, одмерувањето ќе биде почесто во текот на првите години од сертификацијата. Ако често се наоѓаат остатоци , гореспоменатите проценти ќе бидат зголемени. Ако не или само ако се најдени многу мали нивоа на остатоци, процентите ќе бидат намалени, барем во текот на одреден период.

**5.5 Земање примероци од страна на операторот или надлежните власти:**

ПРО-ЦЕРТ може да дозволи операторите да извршат земање на мостри само во присуство на контролорот на ПРО ЦЕРТ. Притоа земањето на мостри се смета како дел од работата на ПРО-ЦЕРТ со кој се врши обука и остручување на операторите.

Записите од земањето на примероците за анализа ќе ги пополни контролорот.

Во случај кога мострите се земени од страна на претставници на надлежните власти овластени за земање на мостри и истите се анализирани во акредитирани лаборатории и добиените резултати покажуваат несообразност со барањата за органско производство, а за истото надлежните власти или операторот го известиле телото, а ПРО-ЦЕРТ ќе ги признае резултатите од анализите како валидни и ќе превземе понатамошни чекори според пропишаните процедури.

**5.6 Трошоци:**

За да се избегнат несоодветно високи трошоци за одредени оператори, ПРО-ЦЕРТ треба да води сметка дека во слични операции со слично ниво на ризик, да се земат сличен број на примероци во текот на годините.

При анализи за одреден сомнеж- Ако анализата покаже позитивен наод (најдени резидуи од недозволени инпути за органско производство ) , трошокот е на терет на клиентот кај кого ќе постапи согласно Каталогот на санкции .

Ако анализата е со негативен наод (нема пројандено резидуи недозволени од активни материи, биорезидуи , недозволени нивоа на шеќери, недозволени во органското производство), трошокот е на терет на ПРОЦЕРТ.

За потребите на ПРОЦЕРТ како дел од пропишаните нормативи дека на минимум 5 % од вкупните годишни сертифицирани оператори, по случаен избор ПРОЦЕРТ ќе зима примероци за анализи, трошокот за истите е на терет на ПРОЦЕРТ.

| | | |
|---|---|---|
| 5.7 | **Објавување на резултатите од анализите:**<br>Резултатите од анализите се евалуриани од одговорен технички персонал кој ќе преземе соодветни активности во случај да има потреба.<br>Резултатите од анализите се чуваат во досието на операторот во канцелариите на ПРО- ЦЕРТ | |
| 6 | **Поврзани документи** | • Земање примероци за анализа<br>• Запис за земање примероци |